Република Македонија
Министерство за финансии

[redacted]

ДО ________________________________

___________________________________

Бр. 08- 1659/1
Скопје, 17-02-2015 2015 година

Република Македонија
Министерство за финансии
Сектор за буџет и фондови
Ул. Даме Груев бр.12,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел.: ++ 389 2 3255 546
Факс:++ 389 2 3255 721
Е-пошта: maja.argirovska@finance.gov.mk
Веб страна: www.finance.gov.mk

Предмет: Известување

Почитувани,

Согласно член 4 од Законот за трансформација во редовен работен однос, Министерството за финансии во претстојниот период ќе ги издаде одеднаш сите согласности за трансформација во работен однос на неопределено работно време на барање на институциите, за сите групи на лица утврдени во член 3 од Законот.

Кон барањето до Министерството за финансии, институциите задолжително ги доставуваат договорите со кои лицата биле ангажирани (во копија) и потврди за извршени исплати за последните три месеци сметано до 30.11.2014 година, како и за последователните месеци од овој датум до денот на донесувањето на решението за вработување, односно склучување на договорот за вработување. Покрај оваа пропишана документација, институциите доставуваат и пополнета табела со список на лица на кои ќе им се транформира работниот однос потпишана од одговорно лице на институцијата (Прилог Табела). Табелата е објавена на web страната на Министерството за финансии (www.finance.gov.mk).

За институциите кои се втора линија буџетски корисници барањето за согласност се доставува преку надлежниот орган, односно буџетскиот корисник од прва линија.

Со почит,

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада
и Министер за финансии

Изготвил: Маја Аргировска
Проверил: Елена Трпковска
Одобрил: Игор Димитров